Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-279/5
15-10-2025 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-279/1 од 06.03.2025 година, поднесена од ----- од Скопје против ----- од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација и вознемирување врз основ на семејна или брачна состојба од страна на ----- врз пратеничката -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 06.03.2025 година е доставена претставка бр. 08-279/1 од страна на ----- од Скопје. Во претставката подносителката тврди дека врз неа како ----- е сторена дискриминација врз основ на семејна или брачна состојба од страна на ----- од Скопје, како -----.

Имено, подносителката истакнува дека на 8 мај 2024 година согласно одржаните Парламентарни избори 2024 година била избрана за пратеничка во Собранието на РСМ, од листата на пратеници на коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. На 28 мај 2024 година, била одржана седница на Собранието, на која бил верификуван нејзиниот мандат како пратеничка. Истакнува дека согласно Уставот, Собранието е претставнички дом на граѓаните и носител на законодавната власт и врши политичка контрола и надзор врз
Владата, па оттука и улогата на пратениците во остварувањето на оваа значајна функција на Собранието. Со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се уредува организацијата и функционирањето на Собранието и улогата на пратениците. Односно согласно член 38 од Деловникот:

„(1) Пратеникот има право на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
(во натамошниот текст: Владата), на член на Владата и на други носители на јавни функции
кои се одговорни пред Собранието да им постави прашање што се однесува на нивната работа или на работи од нивната надлежност.
(2) Прашањето треба да е кратко и прецизно.
(3) Пратеникот е должен да означи на кого му го упатува прашањето.
(4) За пратеничките прашања се води евиденција.".

На ден ----- 2025 година, согласно цитираната одредба од Деловникот, поставила три пратенички прашања во времетраење од 10 минути, при што првото прашање го поставила до -----, второто до ----- и третото до -----. Сите три прашања и биле усно

одговорени, при што второто прашање, упатено до -----, како што наведува и било одговорено со понижување, односно според неа и била извршена дискриминација по основ на брачен и семеен статус. Таа го наведува нејзиното прашање кое гласело: „Моето второ пратеничко прашање е до -----. Ја гледам, тука е. -----, пред една недела имавте за мене нелогична изјава, кога рековте дека, за вас не може да биде логично да купуваш грашок од конзерва или дека едно четири членови семејство треба да консумира во текот на еден месеци, 13 литри млеко. Така го потенциравте. За цената на таблата јајца не коментирам, можеби имате некој попуст за редовност. Но, не сакам оваа дебата со вас апсолутно да ја сведам на тоа, што значи грашокот од конзерва, споделување на рецепти и така натаму, ама следен пат кога ќе одите во маркет, а рековте дека одите често, било кој маркет, земете и споредете време на готвење на тој грашок од конзерва кој што за вас е нелогичен и на оној другиот. Тогаш можеби на вас не ви е важно, ама за едно просечно македонско семејство е важно колку време ќе биде вклучен шпоретот, дали 10, 15, 20, 30 минути и така натаму. Подеднакво важно, како што за една мајка е важно дали ќе може во текот на цел месец на своите деца да им дава по една чаша млеко, затоа што ако ја направиме логиката која што вие ја наметнавте за четиричлено семејство, тогаш ќе видите дека 13 литри млеко не се доволни, освен ако не го заменувате со бадемово или некое друго. Моето прашање до вас е следно. Наместо да ни држите лекции за домаќинско пазарење, не е лошо да го чуеме вашиот став, тоа е впрочем и моето прашање, за намалување на патните трошоци на пратениците и зошто ВМРО ДПМНЕ, како политичка партија не ги поддржа.“. Наведува дека нејзиното пратеничко прашање било поставено извршувајќи ја нејзината уставна и законска обврска да поставувам прашања кои се од интерес на граѓаните и нивната иднина. Прашањето било поставено во контекст на претходно дадена изјава на -----, објавена на сите медиуми во нашата држава. На тоа прашање, ----- го дала следниот одговор:

„Пратеничке -----, не можам да кажам почитувана затоа што, да кажам почитувана треба да ја заслужите мојата почит прво.

Второ, не очекував од жена која што јавно ја бранев во ситуации кога зборуваа дека пиела дијазепами, вадеа лекарски решенија и што уште не. Очекував минимум почит. Тој минимум почит требаше да значи дека нема да спинувате, нема да вадите од контекст зборови туку директно ќе ми го поставите прашањето. Е, бидејќи се однесувате така како што се однесувате значи од овој момент ни таа минимум почит ја немам. И, прво ќе ве прашам врз основа на што вие ги ставате во уста мајките кои што имаат деца и како вие знаете едно повеќечлено семејство колку треба да троши. Јас сум мајка на два сина и многу добро знам колку треба да троши едно четиричлено семејство. И, чисто вака да ви укажам да проверите на Државниот завод за статистика согласно последниот попис кој вие го направивте а не ние. Во Македонија просечно е трочлено семејство а не четири, моето е четиричлено семејство. Во однос на грашокот, и јас сакам да купам од конзерва ама не сум сама, четиричлени сме па мораме да одиме во еден од најевтините маркети и да купиме замрзнат грашок и тоа беше коментарот а не да купуваме грашоци кои што се поскапи од 100,00 денари во иста грамажа како и оние замрзнатите кои што се многу помалку од тие 100,00 денари. Истото значи беше

искоментирано и во однос на литрите млеко. Некое семејство може троши и 18 литри млеко но меѓутоа има и такво кое што не пие. Бадемовото вас ќе ви го оставам, вас ви треба, не на мене. Во однос на патните трошоци ќе кажам дека патните трошоци колку што знам се исти за сите пратеници тука. Достоинството на пратеникот треба да биде пред се. Јас друго би прашала. Што правиме со колективниот договор кој што го донесовте во средства избори, незаконски. И, согласно со кој што сега мора да постапуваме, каде што во Министерство -----, не ----- потенцирам, не ----- кои што треба да имаат и повисоки плати и подостоинствен живот. Зборувам за администрацијата, имаат три пати повисоки плати во однос на сите останати, до вас е ----- и ете таа го остави министерството со никакви плати во однос на вас. Правникот во одбрана и правникот во Министерство за труд и социјална политика, е сега да завршам со еден многу битен и важен момент. Инфлацијата во ваше време на храната стигна и над 30%, ако не знаете како да најде на Државниот завод за статистика јас ќе ви извадам податоци. А, денес инфлацијата е многу пониска и од 30% на храната. Така што, ве замолувам прво да ги читате работите убаво а потоа да дискутирате. Разбирам дека во континуитет сакате да ги правите работите надвор од контекст, да правите тензија меѓу граѓаните но фактите излегуваат од страна на сериозни институции кои што имаат обврска тоа да го објавуваат. Вие може овде да зборувате колку сакате, податоците говорат нешто сосем, сосем друго. Така што, мислам дека најмалку од сите имате право да коментирате и за трошоци и за патни трошоци каде што пак ќе потенцирам. Администрацијата ја ставивте на исто ниво во Министерство за ----- со пратениците, сметам дека не треба да биде така. А, ве повикувам дајте издржан, конструктивен предлог со кој што нема да се наруши интегритетот и достоинството на пратениците и нема никаков проблем претпоставувам дека пратениците на крајот вие овде носите одлуки, не ги носам јас. Ако дојде редот да биде ова најголемиот проблем, ќе го решиме. Но, јас не знам што да правам со другите проблеми кои што ги оставивте а ги има стотици илјади. Почнувајќи од тоа што ви го кажав во рамки на вашето Министерство и Бога ми јас би била загрижена за да сум на ваше место затоа што, го оставив во министерството и што може да следи од колку да се расправам за патните трошоци на пратениците. Благодарам.“.

Кон цитираната содржина ги наведува и линковите до стенограмските белешки од седницата.

Понатаму, таа во претставката посочува дека дискриминаторскиот однос и повредата продолжила и понатаму. Односно, на ден ----- 2025 година, во интервју за телевизијата Сител, на прашање од новинарот: „-----, после толку бурни реакции од јавноста, нели чувствувате потреба да им се извините на сите оние коишто од било која причина се почувствувале навредени од Вашата изјава.“. На таквото прашање, таа одговора: „Би се извинила кога би направила навреда. Во конкретната ситуација навреда немало. За да се извини човек, треба прво да се преиспита што кажал. Кој треба да се извини? Жената која што исто така макотрпно се борела да ги роди своите деца? Жената што ги поминала тие тешки патишта?“. А кон цитираната изјава, го наведува линкот на видеото од интервјуто. Според неа, таквата изјава ја потврдила нејзината првична изјава со која започнала да ја дискриминира, но овој пат повикана да се извини на сите

засегнати таа прашувала зарем жената што родила треба да се извини, ставајќи ги во подредена положба сите жени кои немаат родено деца и кои не се оствариле како мајки. Истакнува во претставката „Таа смета дека само затоа што родила има имунитет и не чувствува потреба да се извини.“. Подносителката укажува дека министерката повторно прави повреда на Уставот, кој гарантира еднаквост на сите граѓани и забранува било каков вид на дискриминација. Според неа, таквите изјави и однесувања на ----- се вознемирувачки и предизвикуваат бројни непријатности за неа, но и за многу жени, но и мажи кои не го прифаќаат и одобруваат таквото против уставно однесување и вршење дискриминација.
На крајот, подносителката наведува дека „Република Северна Македонија е слободна и демократска држава во која општеството е мултиетничко, мултиконфесионално и постојат бројни различности кои се основа за меѓусебно почитување и разбирање и градење заедничка иднина. Застапување на вакви дискриминаторски ставови, особено од носител на јавна функција негативно ќе се одразат токму врз кохезивноста и хармонијата која граѓаните ја создаваат и започнуваат да предизвикуваат и говор на омраза.“.
Затоа, таа бара Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да изврши увид во оваа претставка и постапувајќи со своите надлежности да утврди постоење на дискриминација.

Комисијата достави Барање бр. 08-279/2 од 10.03.2025 година, до -----, со цел согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, да се изјасни за наводите содржани во претставката.

-----, на 08.04.2025 година, со допис до Комисијата заведен под бр. 08-279/3 се изјасни дека наводите во претставката се во целост неосновани од причина што видно од истите во ниту еден момент од нејзина страна не била предизвикана апсолутно никаква дискриминација ниту по основ на брачна и семејна состојба на именуваната, ниту пак по било кој друг основ.

Таа наведува дека подносителката барајќи утврдување на постоење на дискриминација, несигурна во своите наводи, тврдела дека од нејзина страна и се извршила дискриминација по основ на брачна и семејна состојба, но и се извршила дискриминација со обид за ограничување на нејзиното право на говор. Во својот одговор ----- се осврнува на одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членот 14 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи и член 1 од Протоколот 12 кон Европската конвенција за човекови права и основни слободи. Притоа, истакнува дека не е јасно како таа како ----- присутен на седница на пратенички прашања, со одговор на поставено прашање, воопшто можела да влијае врз уживање на нечие право или слобода.

Според неа, подносителката на претставката само упатува на наводна околност за извршена дискриминација и наводно ограничено право на говор, но притоа не се

посочува ниту компаратор во однос на кој може да се оценува дискриминаторски однос, што е од клучно значење ако се земе предвид дека согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со тоа во предметниот настан, таа укажува дека не постои понеповолно постапување од други лица, со оглед дека станува збор за дискусија од говорница во Собранието на седница за пратенички прашања, па не може да се одлучува или влијае врз определено право на пратеник од страна на носител на јавна функција од извршна власт, а со тоа не може ниту да се постапува понеповолно во однос на друго лице по некој предвиден законски основ, а уште помалку подносителката да ужива различен третман заради нејзината семејна и брачна состојба, како што наведува, и со тоа да биде дискриминирана.
Таа со следните зборови истакнува „наводното „дискриминаторско" однесување од моја страна според наводите не може ниту да се спореди со постапувањето кон други лица во иста или слична ситуација, бидејќи не станува збор за никаква дискриминација, туку изразување на околности кои влијаат врз определена теза, без едновремено никакво понеповолно постапување кое се заснова на лично својство. Наведеното, уште повеќе со оглед дека не постои доказ, ниту поднесителката не упатува на доказ врз основа на кој ќе укаже на нејзиниот различен третман, а заради нејзината семејна и брачна состојба, како што наведува, како би ја докажала дискриминацијата.".

Понатаму, таа укажува дека во ниеден момент во нејзиниот одговор нема личен напад или напад кон определена група на лица. Во прилог на тоа истакнува дека за да се смета дека извршила дискриминација по однос на „семејна и брачна состојба", за тоа да е воопшто можно, што не е случај во конкретниот настан, потребно е тие податоци да биле познати за неа лично, што исто така не било случај имајќи предвид дека од личната биографија на пратеничката објавена на веб страната на Собранието познати се податоците за политичка припадност, податоци за раѓање, завршено образование и активности во Собранието, без податоци за семеен и брачен статус. Според неа, а како што и самата подносителка на претставката наведува во својот поднесок, таа својот одговор на поставено пратеничко прашање го дала на начин и форма соодветни на начинот и формата на која и било поставено пратеничкото прашање од страна на пратеничката. Истакнува дека во конкретниот случај подносителката на целосно непрофесионален начин и со непостоење на почит кон неа како личност, со иронија и сарказам се обрати поставувајќи прашање на кое јас бев повикана да дадам одговор.
Кон наведеното приложува и линк до личната биографија на подносителката на интернет страната на Собранието.

Во дополнение на наведеното, ----- се осврнува на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кои дефинираат директна и индиректна дискриминација и истакнува дека во конкретниот случај со нејзиното постапување не постои дискриминација, посебно и ако се земат околностите на предметниот настан. Истакнува дека настанот е седница на пратенички прашања, на која таа учествува како -----, а подносителката како пратеник во Собранието, како и самата подносителка што

наведува согласно Деловникот на Собранието, член 38 прашањата треба да се кратки и прецизни. Во прилог на тоа, истакнува дека од стенограмските записи, на кои и подносителката посочила, може да се утврди дека нејзиното постапување во конкретниот случај освен тоа што не било во согласност со Деловникот за работа на Собранието, со тоа што прашањето е елаборација, став и содржи наведување и индиректни и директни навреди. Укажува на следните делови од прашањето: „....За цената на таблата јајца не коментирам, можеби имате некој попуст за редовност...... ......Тогаш можеби на вас не ви е важно, ама за едно просечно македонско семејство е важно колку време ќе биде вклучен шпоретот, дали 10, 15, 20, 30 минути и така натаму. Подеднакво важно, како што за една мајка е важно дали ќе може во текот на цел месец на своите деца да им дава по една чаша млеко, затоа што ако ја направиме логиката која што вие ја наметнавте за четиричлено семејство, тогаш ќе видите дека 13 литри млеко не се доволни, освен ако не го заменувате со бадемово или некое друго. Моето прашање до вас е следно. Наместо да ни држите лекции за домаќинско пазарење, не е лошо да го чуеме вашиот став, тоа е впрочем и моето прашање....“. Оттука, истакнува дека уште во своето прашање кое не е концизно ни јасно, ниту кратко, спротивно на Деловникот за работа, од за неа непознати причини, подносителката, настапувала дрско од позиција на пратеник најпрвин коментирала недолично за нејзин попуст за редовност за табла јајца, што од друга страна довело до негативни последици кон неа оставајќи простор за недолични коментари во јавноста.

Со следните зборови во дописот наведува „Уште повеќе, со вториот дел од прашањето ја наведува целата македонска јавност дека мене не ми е важно за трошоците на едно семејство, но тоа е важно за една мајка, потценувајќи го мојот статус на родител. Ова и покрај фактот што јас неколкупати непосредно пред одржувањето на седницата јавно го изразував својот став и загриженост за методологијата и начинот на пресметка на трошоците за живот на македонските семејства токму заради важноста на ова прашање, а спротивно на сите етички норми, подносителката, користејќи неприфатливи тактики во прашањето содржи наведување на одговор кој се однесува на важноста на трошоците за лице со статус родител - мајка.“. Оттука, истакнува дека неконцизноста и малициозноста на пратеничката подносителка на претставката е и на самиот крај од прашањето каде ја деградира нејзината функција на ----- посочувајќи дека таа држела лекции за домаќинско пазарање. Според неа, на така поставено прашање, каде директно бил загрозен и нападнат нејзиниот статус на родител - мајка, на конкретниот настан, најпрво реагирала во однос на недиректното поставување на прашање, спротивно на Деловникот за работа, а е уредено токму за да не се создаваат такви малициозни поттикнувања и превртување на зборови, по што на прашањето одговорила со прашање во насока на барање на поткрепеност и докази кои упатуваат на релевантност спротивно на она кое го говорела претходно, а кое според пратеничката било неиздржано и е „лекција за домаќинско пазарање“. Таа наведува дека токму затоа во натамошниот одговор упатила на личен пример, но и на податоци од релевантен извор, а тоа се податоците од Државниот завод за статистика. Таа со следните зборови во дописот истакнува „Во мојот одговор кој содржи прашање, никаде не е содржана дискриминација, ниту потценување или навреда. Напротив на прашање

кое сублимирано гласи „вам не ви е важно, но за една мајка е важно", без оглед на навредите и дискриминацијата и вознемирувањето кое го поттикнува кон мене, мојот одговор сублимирано гласи „од каде се податоците за трошоците на повеќечлено семејство", односно дали е од можеби личен пример или од релевантна база на податоци, како што и во својот понатамошен одговор го дообјаснувам својот личен пример и упатувам на релевантна база на податоци. Истото, свесно или несвесно, доколку предизвикало некакво ограничување или попречување на било какво право на пратеничката, би требало да се укаже непосредно, односно на истото пратеничката можеше, но не одговори, бидејќи знае дека не постои ниту дискриминација, ниту било каква навреда, туку дискусија базирана на факти и податоци во однос на методологија за пресметка.".

Истакнува дека спротивно на она кое го тврди во својот поднесок, како што е забележано и во стенограмските белешки, пратеничката во својот одговор иако имала можност да укаже доколку се осетила дискриминирано, иако според неа за тоа не постојат никакви индиции, истата се откажала од дополнително прашање, а исто така спротивно на наводите во претставката, невознемирена, мирна и со дрзок тон одговорила со навреди кон неа и поттикнала говор на омраза. Во прилог на тоа го издвојува цитирано следното: „-....Мислев дека ----- изведовте поука од вашите испади на Комисија за финансирање и буџет кој го имавте па потоа ве повлекоа и го пратија заменикот да дискутира за Буџетот, за Ребалансот и т.н. И, веројатно имате помалку, немаше ваква реакција кога беа неумесните коментари од вашата -----...... Да власта, да може да и поставува прашања на опозицијата затоа што, очигледно немате капацитет да се справите со сегашната состојба.....Во поглед на колективниот договор, не бевте тогаш, отсутна бевте бидејќи бевте повлечена од партијата со наредба да не доаѓате во Собрание...... И, затоа не сметам дека имате капацитет и да поставам дополнително прашање и да ми го одговорите.....". Во тој контекст наведува дека наспрема сите тврдења во поднесокот, таквиот однос и извитоперување на настанатата состојба, довеле до јавен линч кон неа, кон нејзиното семејство и нејзините соработници од кои мнозинство жени. Наведува дека заради неумесното и малициозно однесување кое навело на одговор во кој сосема логично на прашање со наведување на еден родител мајка, ќе е реципрочно да се постапи со потпрашање за релевантноста и поткрепеноста на таквото прашање, што во ниеден случај не содржело ниту еден елемент на институтот „дискрмнинација", ниту пак било поставено кон личност или група на лица, туку напротив преку постапките на подносителката лажно се пренеле и интерпретирале во јавност и заради кои постапки, таа како личност и целото нејзино блиско окружување, претрпеле негативни последици, вербални напади, дури и закани.

Понатаму, во дописот наведува „Имајќи го предвид начинот на кој подносителката го наруши моето достоинство како јавна личност, а притоа ценејќи го и фактот дека јас лично стоев во одбрана на истата во ситуации кога кон неа постоеа вербални напади и други несоодветни квалификации за што уште ценам и тврдам дека не смее да бидат упатени кон било која жена, сметав дека е потребно да го потенцирам нејзиното елаборирање на моите анализи како несоодветно кон сите оние коишто имаат месечни

трошоци на живот. Дополнително, би сакала да потенцирам дека во ниту еден момент јас лично немам извршено никаков вербален напад по било кој основ кон подносителот. Туку напротив потенцирав и поставив прашање врз основа на кои критериуми и анализи истата смета дека тоа што јас го говорам е неиздржано наспроти она што јас врз основа на мои критериуми и анализи го имам проценето за начинот на месечна потрошувачка.

Се поставува прашањето дали и како без притоа да кажам било каков збор за брачната и семејна состојба на именуваната истата изведе заклучок дека моето прашање за нејзината неоснована елаборација се однесува на нејзина лична состојба, а не во насока на тоа дека без основ оспорува факти и аргументи кои се однесуваат на реални животни состојби кои ги засегаат сите семејства во Македонија.

Токму од таа причина и дадов укажување (како што е видно од самиот текст на претставката) најпрво да изврши проверка на податоци на Државниот завод за статистика за да провери што се подразбира под просечно семејство во државата, врз основа на што и се врши определено реално и разумно вршење на анализи за предметните статистички податоци.

Оттука, ценам дека самите наводи односно цитирани извадоци од поставеното и одговорено прашање само го потврдуваат фактот дека ниту имам извршено дискриминација ниту пак сум имала за цел да извршам дискриминација на подносителот на претставката по било кој основ.

Не се согласувам и ги оспорувам натамошните наводи во претставката согласно со кои истата врз основа на неоснована сопствена констатација која нема никаква врска со ниту еден мој збор и став како човек и како јавна личност, дека јас сум ја сметала за неподобна да поставува прашања кои се однесуваат на животниот стандард и дека со тоа сум навредила и дискредитирала граѓани на начин на кој што го опишува именуваната.

Напротив, во репликата на пратеничката и можноста за дополнително прашање кое потпретседателката на Собранието согласно Деловникот и го овозможи, пратеничката – подносител на претставката, во која тврди дека јас сум ја сметала за неподобна јасно возвраќа со следното:

„...Да власта, да може да и поставува прашања на опозицијата затоа што, очигледно немате капацитет да се справите со сегашната состојба.....

Во поглед на колективниот договор, не бевте тогаш, отсутна бевте бидејќи бевте повлечена од партијата со наредба да не доаѓате во Собрание....... И, затоа не сметам дека имате капацитет и да поставам дополнително прашање и да ми го одговорите.....“, односно со наведеното таа ме смета за неподобна, омаловажувајќи ме мене како личност и мојот капацитет, а притоа спротивно на наведеното во нејзината претставка самоволно и свесно не го искористува своето деловничко право на дополнително прашање, за кое неосновано тврди дека и било оневозможено и попречено од моја страна. Мојата констатација беше и е во насока на тоа дека за да може да разговараме за определени статистички анализи, факти и аргументи треба да располагаме со своја стручна извршена анализа заснована на податоци од официјални институции и

информации од реалниот живот, а не да ги дискредитираме оние (во случајот мене) кои го направиле тоа и врз основа на тоа констатирале определена состојба.".

Во дописот таа уште еднаш посочува на тоа дека на подносителката не и е ограничено правото на говор, бидејќи истото со вакви дејствија не може да биде ограничено, односно дека со нејзиното елаборирање не и го спречила правото на говор на подносителката. Туку, истакнува дека подносителката како пратеничка, ја искористила таквата функција да ја деградира и омаловажува неа. Како што наведува, видно е од стенограмите дека никој не и го попречувал правото на говор, дотолку што таа како ----- не може на никој начин да и го попречи правото на говор, а самата пратеничка дури имала можност и да постави дополнително прашање. Укажува на тоа дека иако и таа била цел на омаловажување, дискредитирање кои може да бидат предмет на постапки за заштита на нејзиниот углед и чест, сепак за разлика од подносителката го земала во предвид фактот дека степенот на толеранција кај неа како носител на јавна функција треба да е повисок. Истакнува дека тоа било видно и од случајот Lingens vs. Austria 1986, од Европскиот суд за човекови права, кој во образложението на својата одлука потенцира: „границите на прифатлива критика се пошироки во однос на политичар како таков отколку во однос на останатите граѓани. За разлика од останатите граѓани, политичарите неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на секој нивни збор и дело....... и затоа мора да покажат поголем степен на толеранција.".
На крајот, таа се осврнува на нејзини лични околности и истакнување на одредени лични податоци, согласно кои, образложува зошто таа со нејзиниот одговор на пратеничкото прашање немала никакви намери некого да дискриминира, посебно по наведениот основ согласно инсинуациите на подносителката.

Подносителката по допис од Комисијата, дополнително се изјасни по наводите во претставката, а во однос на телевизиско гостување во емисија на -----, притоа потврдувајќи ги нејзините наводи истакнати во претставката.

Според член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминацијата претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во истиот закон со член 5, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна

состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Овој закон, директната дискриминација ја уредува на начин што во член 8 став 1, се утврдува дека директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Вознемирувањето, наведено во член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата подеднакво ги ценеше наводите на двете страни и го утврди следното:
Двете страни ја потенцираат навредата во нивната комуникација при поставување на пратенички прашања и одговори, а се потенцира и потребата од повисок степен на толеранција кај носителите на јавни функции.
Во меѓусебната конфронтација видена од поднесените списи во предметот и видео записот од предметната седница, може да се забележи одреден степен на дискредитации и навреда, но комисијата по ваков вид на одговорност не постапува бидејќи повредата на угледот и честа се решаваат во граѓанска постапка.
Дополнително во произнесувањето на ----- стои дека таа од прочитаната биографија на подносителката, не забележала дека таму е наведена и видно е истакната нејзината брачна состојба. Во продолжение наведува дека пратеничката ----- имала можност да реагира на говорница доколку се почувствувала дискриминирана.
Дека Комисијата не може да утврди видна намера се гледа и од изјавата на ----- на една од телевизиите, каде наведува дека доколку некој се почувствува повреден или дискриминиран се извинува иако смета дека не направила дискриминација врз ниеден поединец или група врз основ на семејна или брачна состојба.
Сите овие изјави од двете страни како носители на јавна функција во оваа претставка, се политички моделирани и се секојдневна реторика во македонскиот парламент.
Спорната изјава е дадена во политички дискурс во рамки на политичка дебата согласно собраниска процедура по пратенички прашања, како одговор на пратеничко прашање.
Истата не претставува општа изјава, туку е релативизирана во контекст на содржината од дебатата и како одговор кон подносителот на пратеничкото прашање.

Земајќи го во предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителката ----- од Скопје во својство на пратеничка во Собранието на РСМ не сторила веројатно дека ----- од Скопје, како ----- во Владата на РСМ сторила дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација и за да премине товарот на докажување од подносителката на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, таа мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека токму тие довеле до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, споредбено со други.

Според тоа, ценејќи ги наводите од претставката и наводите од поднесокот за произнесување, Комисијата утврди дека спорната изјава првенствено не претставува дискриминација, односно директна дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што изјавата не може да се третира како дејствие на сторување, односно разликување, исклучување, ограничување или давање првенство на дискриминаторска основа кое има за цел спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на лицето на еднаква основа со други. Дотолку што, таквата изјава не може да се смета за поповолно, односно понеповолно постапување со едно лице во однос на друго или други лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа во смисла на член 8 став 1 од горенаведениот Закон, со што би се исполнило битието на поимот дискриминација, односно директна дискриминација.

Во дополнение на наведеното и тоа дека Комисијата, анализирајќи ја содржината на дискусијата со изјавите од двете страни, утврди дека иако истите содржат одредени навредливи зборови, сепак истите имаат политички контекст во однос на прашање од јавен интерес поврзано со определени настани и околности во даден период. Дискусијата со спорната изјава се случува од парламентарна говорница во рамки на собраниска процедура, помеѓу носители на јавни функции. Под такви околности и помеѓу такви лица, маргините за поголема толеранција на ефектот што одредена изјава би можела да го има во однос на друга изјава или на одредени државни политики, како и уживањето на одреден имунитет во однос на одредени работи кој произлегува од вршењето на јавна функција, мора да бидат взаемни. Ова пред сè, поради фактот што политичките дискусии во рамки на парламентарните дебати се одлика на плурализамот.

Следствено, маргините на толеранција во ценење на слободата на говорот во вакви случаи би требало да бидат повисоко поставени, со цел овозможување на сите да учествуваат во слободната политичка дебата што е во самата суштина на концептот на едно демократско општество.

Во таа насока Европскиот суд за човекови права, меѓу другото, утврдил дека треба да се прави разлика помеѓу приватни лица и лица кои дејствуваат во јавен контекст, како политички личности или јавни личности. Според тоа, приватно лице непознато на јавноста може да бара посебна заштита на неговото или нејзиното право на приватен живот, истото не важи за јавните личности во однос на кои границите на критичкиот

коментар се пошироки, бидејќи тие се неизбежно и свесно изложени на јавен надзор и затоа мора да покажат поголем степен на толеранција („**Monica Macovei v. Romania**" 53028/14).

Воедно, подносителката потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или вознемирувањето, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителот – вознемирување врз основ на семејна или брачна состојба.

При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман врз дискриминаторска основа - семејна или брачна состојба, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација,
Заменик претседател,
Флора Кадриу

*Доставено до:*

1. -----
2. -----
3. *Архива на Комисијата*